АГЕНЦИЈА ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ОДЗЕМЕН ИМОТ

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ОДЗЕМЕН ИМОТ
AGJENSIONI PËR ADMINISTRIM ME PRONËN E KONFISKUAR
Бр.-Nr. 01-2041/1
02.05 2025 год.-viti
СКОПЈЕ - SHKUP

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТАТА НА АГЕНЦИЈАТА ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ОДЗЕМЕН ИМОТ ЗА 2024 ГОДИНА

МАЈ 2025 ГОДИНА
СКОПЈЕ

Содржина:

I.ВОВЕД

II.ОПШТИ ПОДАТОЦИ

III.НОВ ЗАКОН ЗА УПРАВУВАЊЕ СО КОНФИСКУВАН ИМОТ ИМОТНА КОРИСТ И ОДЗЕМЕНИ ПРЕДМЕТИ ВО КРИВИЧНА И ПРЕКРШОЧНА ПОСТАПКА (*) („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.64/24 од 19.03.2024 година, измена и дополнување на законот бр.37/25 од 19.02.2025 година и измена и дополнување на законот бр.86/25 од 28.04.2025 година ).

IV.АКТИВНОСТИ НА АГЕНЦИЈАТА ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ОДЗЕМЕН ИМОТ ЗА ПЕРИОД ОД 01.01.2024 година до 31.12.2024 година.

4.1. КОНФИСКАЦИЈА НА ПРОТИВПРАВНО СТЕКНАТА ИМОТНА КОРИСТ
4.2. ОДЗЕМЕНИ ПАРИЧНИ СРЕДСТВА
4.3. ПРОДАЖБА НА КОНФИСКУВАН ИМОТ
4.4. ОТСТАПЕНИ ВОЗИЛА
4.5. ОТСТАПУВАЊЕ НА СТОКА ОДЗЕМЕНА СО ПРАВОСИЛНИ ПРЕСУДИ ВО КРИВИЧНА И ПРЕКРШОЧНА ПОСТАПКА
4.6 ОДЗЕМЕНИ ВОЗИЛА (пмв, комби, товарни, теренски), МОТОРИ /МОТОРЦИКЛИ, ТРАКТОРИ , ЗАПРЕЖНИ КОЛИ И ПРИКОЛКИ.
4.7. ОДЗЕМЕНИ ЦИГАРИ-ТУТУН И АЛКОХОЛ
4.8. ОДЗЕМЕНО ОРУЖЈЕ,МУНИЦИЈА И ЕКСПЛОЗИВЕН МАТЕРИЈАЛ
4.9.ОДЗЕМЕНА РАЗНА СТОКА
4.10. ОДЗЕМЕНИ НАРКОТИЧНИ ДРОГИ ПСИХОТРОПНИ СУПСТАНЦИ И ПРЕКУРЗОРИ
4.11. ОДЗЕМЕНИ МОНЕТИ-БАНКНОТИ/Археолошки предмети и артефакти
4.12. ОДЗЕМЕНИ БЛАГОРОДНИ МЕТАЛИ/предмети
4.13. ОДЗЕМЕНИ ЖИВОТНИ
4.14. ОДЗЕМЕН НЕДВИЖЕН ИМОТ


Влада на Република Северна Македонија
Агенција за управување со одземен имот
Бул.Киро Глигоров бр.4
Република Северна Македонија
тел.02 3 209 087
www. info@odzemenimot.gov.mk

4.15. ПОСТАПУВАЊЕ СО КОНФИСКУВАНИ ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ, ЕЛЕКОТРОНСК ПАРИ И УДЕЛИ.
4.16. УНИШТУВАЊЕ НА НАРКОТИЧНИ ДРОГИ, ПСИХОТРОПНИ СУПСТАНЦИ И ПРЕКУРЗОРИ И ДРУГ ОДЗЕМЕН ИМОТ ОДЗЕМЕНО ОРУЖЈЕ, МУНИЦИЈА, ЕКСПЛОЗИВЕН МАТЕРИЈАЛ И ДРУГ ОДЗЕМЕН ИМОТ

V. ВНАТРЕШНО ЗАЈАКНУВАЊЕ НА КАДРОВСКИТЕ КАПАЦИТЕТИ НА АГЕНЦИЈАТА
5.1.Внатрешна организација на Агенцијата
5.2.Превземени мерки и активности – целосно екипирање на Агенцијата

VI. РЕФОРМСКА АГЕНДА-ПЛАН ЗА РАСТ И ОБВРСКИ
6.1.Набавка на Е-регистар
6.2.Изградба на магацински капацитети
6.3.Заклучок и препораки

VII.УЧЕСТВО ВО ЕВРОПСКИОТ ПЛАН ЗА РАСТ И ИНСТИТУЦИОНАЛНО ЕКИПИРАЊЕ

VIII.СОРАБОТКА СО ДРЖАВНИТЕ ОРГАНИ И ДРУГИ ПРАВНИ ЛИЦА И УЧЕСТВО НА МЕЃУНАРОДНИ СРЕДБИ
8.1. Соработка со државни органи и други институции
8.2. Учество на меѓународни средби /Меѓународна соработка во 2024 година.
8.3. Учество во проекти

IX.ГЛАВНИ ПРЕДИЗВИЦИ НА АГЕНЦИЈАТА ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ОДЗЕМЕН ИМОТ

# I. В О В Е Д

Годишниот извештај за работа на Агенцијата за управување со одземен имот ( во понатамошниот текст Агенцијата) е изготвен согласно чл.10 од Законот за управување со конфискуван имот,имотна корист и одземени предмети во кривична и прекршочна постапка ( „Сл.весник на Р.М." бр.98/08, 145/10, 104/13, 187/13, 160/14, 148/15, 97/15 и 64/18). Како и согласно на член 11 став 2 од Законот за управување со конфискуван имот,имотна корист и одземени предмети во кривична и прекршочна постапка („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.64/24 , бр.37/25 и бр.86/25). Годишниот извештај согласно одредбите од Законот се доставува до Владата на Република Северна Македонија. Исто така Годишниот извештај се доставува до Управниот одбор на Агенцијата за негово усвојување.

Годишниот извештај за работата на Агенцијата за управување со одземен имот содржи податоци во врска со работењето на Агенцијата, управувањето и располагањето со конфискуваниот имот, имотна корист и одземени предмети за периодот од месец јануари заклучно со месец декември 2024 година. Во овој извештај детално е опишана работата на Агенцијата за 2024 година согласно надлежностите во Законот за управување со конфискуван имот,имотна корист и одземени предмети во кривична и прекршочна постапка како и согласно расположливите кадровски и технички капацитети.

Агенцијата за управување со одземен имот е основана со Законот за управување со конфискуван имот , имотна корист, и одземени предмети во кривична и прекршочна постапка кој е донесен во месец август 2008 година, а започна да се применува од 1 јануари 2009 година. Со овој закон е даден правниот субјективитет на Агенцијата, односно нејзиното основање, надлежностите, управувањето, раководењето користењето и располагањето со привремено конфискуваниот имот, имотна корист и привремено одземени предмети, како и конфискуваниот имот имотка корист и одземените предмети со правосилна одлука во кривична и прекршочна постапка , како и други прашања поврзани со работата на Агенцијата за управување со одземен имот.

# II.ОПШТИ ПОДАТОЦИ

Агенцијата за управување со одземен имот е самостоен орган на Владата на Република Северна Македонија. Органи на управување на Агенцијата се Управниот одобор и Директорот на Агенцијата.

Согласно одредбите од стариот Законот за управување со конфискуван имот,имотна корист и одземени предмети во кривична и прекршочна постапка (

„Сл.весник на Р.М.“ бр.98/08, 145/10, 104/13, 187/13, 160/14, 148/15, 97/15 и 64/18)- сега укинат, **Управниот одбор го сочинувале претседател и четири членови.**

Согласно чл.14 од новиот Законот за управување со конфискуван имот, имотна корист и одземени предмети во кривична и прекршочна постапка („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.64/24, бр.37/25 и бр.86/25 ), **Управниот одбор е составен од седум члена со мандат од пет години, без право на повторен избор.**

Со Агенцијата раководи Директор кој го избира и разрешува Владата на Република северна Македонија. Директорот има мандат кој трае пет години.

Од страна на Владата на Република Северна Македонија со Решение за именување вршител на должноста директор на Агенција за управување со одземен имот бр.8080/1 од 27.09.2024 година, за вршител на должноста директор на Агенцијата за управување со одземен имот е именувана Г-ѓа Ирена Илиевска од Куманово.

Агенцијата за управување со одземен имот е со привремено седиште на Бул.Киро Глигоров бр.4 во зградата на Славија.

За сместување на предметите кои од страна на Агенцијата за управување со одземен имот врз основа на одлуки се привремено или трајно одземени и истите се примени на понатамошно чување и управување во магацините со кои располага Аганцеијата и тоа:

-Магацински објект и плац за возила во КПУ Идризово
-Магацински објект ( во кругот на Тетекс) Тетово
-Магацински објект и плац за возила во Гевгелија
-Плац за возила во Миладиновци и
-Магацин во Славија.

Агенцијата за управување со одзмен имот има веб страна www.odzemenimot.gov.mk и e-mail адреса info@odzemenimot.gov.mk.

**III.НОВ ЗАКОН ЗА УПРАВУВАЊЕ СО КОНФИСКУВАН ИМОТ ИМОТНА КОРИСТ И ОДЗЕМЕНИ ПРЕДМЕТИ ВО КРИВИЧНА И ПРЕКРШОЧНА ПОСТАПКА(„Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.64/24 од 19.03.2024 година, измена и дополнување на законот бр.37/25 од 19.02.2025 година и измена и дополнување на законот бр.86/25 од 28.04.2025 година ).**

Во наведениот период донесен е нов Закон за управување со конфискуван имот,имотна корист и одземени предмети во кривична и прекршочна постапка („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.64/24 од 19.03.2024 година, измена и дополнување на законот бр.37/25 од 19.02.2025 година и измена и

дополнување на законот бр.86/25 од 28.04.2025 година ), по кој Агенцијата постапува. Претходниот закон по кој постапувала Агенцијата е укинат во целост.

Согласно чл.14 од Законот за управување со конфискуван имот, имотна корист и одземени предмети во кривична и прекршочна постапка („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.64/24, бр.37/25 и бр.86/25 ), се формираше новиот Управниот одбор на Агенцијата за управување со одземен имот, составен од седум члена со мандат од пет години, без право на повторен избор и тоа 4 члена именувани од страна на Владата на РСМ и тоа: - еден член од Министерството за правда, еден член од Министерството за финансии, еден член од Министерството за внатрешни работи и еден член од Царинската управа. Судскиот совет на Република Северна Македонија, со мнозинство гласови, определува еден судија од судовите во Република Северна Македонија за член во Управниот одбор. Советот на јавните обвинители на Република Северна Македонија, со мнозинство гласови, определува еден јавен обвинител од јавните обвинителства во Република Северна Македонија за член во Управниот одбор. Државниот правобранител на Република Северна Македонија, со мнозинство гласови, определува еден државен правобранител од државните правобранителства во Република Северна Македонија за член во Управниот одбор. Претседателот на Управниот одбор се избира од редот на членовите на Управниот одбор.

Согласно новиот Закон за управување со конфискуван имот, имотна корист и одземени предмети во кривична и прекршочна постапка(*) („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.64/24, бр.37/25 и бр.86/25,) донесен е Статут на Агенцијата за управување со одземен имот по кој работи Агенцијата и донесен е Деловник за работа на Управниот Одбор.

## IV.АКТИВНОСТИ НА АГЕНЦИЈАТА ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ОДЗЕМЕН ИМОТ ЗА ПЕРИОД ОД 01.01.2024 година до 31.12.2024 година.

Во текот на 2024 година Агенцијата за управување со одземен имот продолжи активно да ги извршува надлежностите предвидени со Законот за управување со конфискуван имот, имотна корист и одземени предмети во кривична и прекршочна постапка и да постапува со одземениот имот согласно начелата на добар домаќин и добар стопанственик, начелата на законитост, ефикасност, економичност, транспарентност, одговорност, стручност, професионалност и ажурност.

Агенцијата за управување со одзмен имот во периодот од 01.01.2024 до 31.12.2024 година продолжи со извршување и спроведување на предвидените законски надлежности и тоа:


Влада на Република Северна Македонија
Агенција за управување со одземен имот
Бул.Киро Глигоров бр.4
Република Северна Македонија
тел.02 3 209 087
www. info@odzemenimot.gov.mk

- Во рамките на своите ограничени кадровски и технички капацитети Агенцијата управуваше со конфискуваниот имот, имотна корист и одземените предмети.

- Со согласност на судот и другите надлежни органи кои одземаат имот, Агенцијата управуваше со привремено конфискуваниот имот и имотна корист и привремено одземените предмети со цел да се заштити вредноста на имотот согласно законот, за што беа спроведеени повеќе постапки за отстапување на привремено одземените предмети како храна, облека и слично.

- Ја спроведуваше постапката за извршување на конфискација на имот и имотна корист при што постапувајќи по задолженијата во одлуките, беа конфискувани недвижности, пари од сметки на обвинети лица, акции, возила и слично.

- Агенцијата спроведуваше постапки за продажба на привремено и конечно одземен имот со правосилна пресуда.

- Агенцијата во рамките на своите просторни можности и капацитети го чуваше и складираше одземениот имот во магацините кои се наоѓаат во : магацински објект и плац за возила во КПУ Идризово, магацински објект ( во кругот на Тетекс) Тетово, магацински објект и плац за возила во Гевгелија, плац за возила во Миладиновци и магацин во Славија, за дрогата и оружјето магацин на МВР во касарна Ѓорче Петров Скопје. Потенцираме дека наведените магацини не се доволни скалдирање на целокупниот одземен имот во кривична и прекршочна постапка за што Агенцијата ја извести и Владата на Република Северна Македонија.

- Во соработка со Министерството за Правда на Република северна Македонија – Биро за судски вештачења се вршеа проценки на одземениот имот се со цел истиот да се продава или отстапува.

-Агенцијата во текот на 2024 година продолжи да води евиденција за целокупниот одземен имот за кој има добиено известување од органот кој го одзема истиот, привремено или со правосилна пресуда и решение.

-Агенцијата спроведуваше продажба на одземениот имот

-Изготвуваше статистички, Финансиски, квартални, шест месечни, годишни и други извештаи за одземениот имот. Планираше, организираше и спроведуваше обуки за вработените во Агенцијата за управување со одземен имот и другите субјекти вклучени во постапувањето со одземениот имот и

-Врши други работи утврдени со закаонот.

-Агенцијата за управување со одземен имот во изминатиот период учествуваше во работата на АД Славија извоз- увоз Скопје како мнозински акционер во друштвото. Агенцијата преку свои претставници, именувани од директорот редовно учествуваа на одржаните собранија на акционери и активно учествуваа во донесување на одлуките во врска со работењето на друштвото.

Во однос на работата на Агенцијата за период од 01.01.2024 година до 31.12.2024 година Ве известуваме следното:

Агенцијата за управување со одземен имот и во текот на 2024 година продолжи активно да ги извршува работите предвидени со Законот за управување со конфискуван имот,имотна корист и одземени предмети во кривична и прекршочна постапка („Сл.весник на Р.М.“ бр.98/08, 145/10, 104/13, 187/13, 160/14, 148/15, 97/15 и 64/18 ), како и Законот за управување со конфискуван имот,имотна корист и одземени предмети во кривична и прекршочна постапка(*) („Службен весник наРепублика Северна Македонија“ бр.64/24, бр.37/25 и бр.86/25). Покрај надлежностите и овластувањата што ги има со законот и подзаконските акти , Агенцијата постапувашее редовно и во согласност со заклучоците на Владата на Република Северна Македонија.

Заклучно со месец Декември 2024 година Агенцијата ги извршуваше ПРАВОСИЛНИТЕ/КОНЕЧНИ ПРЕСУДИ/РЕШЕНИЈА/АКТИ на судовите и другите надлежни институции за одземање на предметите, конфискација на имот и имотна корист, кои се доставени на извршување на Агенцијата, како и ОДЛУКИ /АКТИТ/ПОТВРДИ/НАРЕДБИ од судови, обвинителства и други надлежни институции ЗА ПРИВРЕМЕНО ОДЗЕМАЊЕ НА ПРЕДМЕТИ ( стока,возила,парични средства,предмети и сл), доставени до Агенцијата и тоа:

| **Правосилни/конечни пресуди** | **Одлуки /наредби/записници/потврди за привремено одземање на предмети** |
|---|---|
| • 50 пресуди за конфискација на противправно стекната имотна корист<br><br>• 62 пресуди за одземени парични средства<br><br>• 365 пресуди за одземени возила<br><br>• 59 пресуди за одземање на цигари, | • Одлуки за привремено одземена имотна корист **( нема)**<br><br>• 69 одлуки/акти за привремено одземени парични средства<br><br>• 146 одлуки/акти за привремеено одземени возила<br><br>• 45 одлуки/акти за привремено одземени цигари,тутун,алкохол |


Влада на Република Северна Македонија
Агенција за управување со одземен имот
Бул.Киро Глигоров бр.4
Република Северна Македонија
тел.02 3 209 087
www. info@odzemenimot.gov.mk

| | |
|---|---|
| тутун и алкохол<br>• 400 пресуди за одземено оружје, муниција и експлозивен материјал.<br>• 957 пресуди за одземена разна стока<br>• 591 пресуди за одземени наркотици, психотропни супстанци и прекурзори<br>• 6 пресуди за одземени монети/банкноти-археолошки артефакти<br>• 16 пресуди одземени благородни метали/предмети<br>• 2 пресуди одземени животни<br>• 3 пресуди за одземен недвижен имот<br>• Хартии од вредност,електронски пари и удели ( НЕМА) | • 08 одлуки/акти за привремено одземено оружје, муниција и експлозивен материјал.<br>• 220 одлики/акти за привремено одземена разна стока<br>• 35 одлуки/акти за привремено одземени наркотици, психотропни супстанци и прекурзори.<br>• 2/одлуки/акти за привремено одземени монети/банкноти-археолошки артефакти<br>• 2 одлуки/акти за привремено одземени благородни метали и предмети<br>• 2 одлуки/акти за привремено одземени животни<br>• Одлуки/акти за привремено одземен недвижен имот **(нема)**<br>• Хартии од вредност, електронски пари и удели ( НЕМА ) |

## 4.1. КОНФИСКАЦИЈА НА ПРОТИВПРАВНО СТЕКНАТА ИМОТНА КОРИСТ

Агенцијата за управување со одземен имот, согласно задолженијата и напатствијата во правосилните пресуди, постапи во делот на конфискацијата на противправно стекната имотната корист како принос од казнено дело и за периодот од 01.01.2024 до 31.12.2024 година наплати парични средства во вкупен износ од од 9.786.749,00 денари кои согласно одредбите од законот се уплатени во Буџет на Република Северна Македонија.

## 4.2. ОДЗЕМЕНИ ПАРИЧНИ СРЕДСТВА

Во периодот од 01.01.2024 година до 31.12.2024 година врз основа на правосилни пресуди примени се и евидентирани Правосилни/ конечно одземени парични средства во вкупен износ од 8.673.544,00 денари, кои се предадени на Агенцијата за управување со одземен имот на понатамошно постапување, кои средства од страна на Агенцијата се уплатени во Буџет на Република Северна Македонија.

## 4.3. ПРОДАЖБА НА КОНФИСКУВАН ИМОТ (недвижен имот, подвижни предмети-возила и старо железо)


Бул.Киро Глигоров бр.4 Република Северна Македонија тел.02 3 209 087 www. info@odzemenimot.gov.mk

-Во периодот од 01.01.2024 година до 31.12.2024 година Агенцијата за управување со одземен имот реалзизира продажба на 1 недвижен имот по јавен оглас бр.18/23 и по тој основ оствари приход во вкупен паричен износ од **62.700.000,00 денари (реализацијата на средствата е во текот на 2024 година и паричните средства се уплатени во Буџет на Република Северна Македонија).**

**- Во наведниот период Агенцијата реализира продажба на 5 подвижни предмети – моторни возила и по тој основ оствари приход во вкупен паричен износ од 893.400,00 денари и тоа:**

TMB DAF XF 105.410, продадено по износ од **203.500,00 денари,** Полуприколка Krone, продадена по износ од **108.300,00 денари,** ПМВ NISSAN TERANO, продаден по износ од **49.100,00 денари,** TMB, марка MERCEDES-BENZ, модел 1928/38, продаден по износ од **362.500,00 денари и** TMB, марка FORD TRANZIT, продаден по износ од **170.010,00 денари. (реализацијата на средствата е во текот на 2024 година и паричните средства се уплатени во Буџет на Република Северна Македонија).**

-Во наведениот период Агенцијата за управување со одземен имот реалзизира продажба на старо жрлезо и од продажбата остварен е приход од вкупен паричен износ од 3.905.517,00 денари.(Реализацијата на средствата е во текот на 2024 година и паричните средства се уплатени во Буџет на Република Северна Македонија ).

-Во наведениот период направено е поврат на парични средства во износ од 1.095.500,00 денари, за продадено одземено возило ТМВ-Волво по пресуда К-51/22 од 16.02.2022 година.

**-Вкупно парични средства од имотна корист, одземени парични средства и парични средства од продажба на нвозила и продажба на конфискуван имот ( недвижен имот,подвижни предмети-возила, и старо железо), во Буџетот на Република Северна Македонија за 2024 година уплатени се вкупно 85.959.210.00 денари кои детално се опишани во точките 4.1 , 4.2 и 4.3.**

-Во Агенцијата за управување со одземен имот Во периодот од 01.01.2024 година до 31.12.2024 година врз основа на одлуки од страна на надлежни институции примени се и евидентирани ПРИВРЕМЕНО ОДЗЕМЕНИ ПАРИЧНИ СРЕДСТВА и тоа: **434.711,85 евра, 1.553.130,00 денари, 7.271,5 CHF ( швајцарски франци ), 4.330,00 канадски долари, 5.305,00 турски лири, 31.460,00 српски динари, 575 бугарски лева, 185.000,00 норвешки круни, 20 фунти и 28.141,00**

долари. Истите веднаш се предадени и уплатени во Народна Банка на Република Северна Македонија .

## 4.4.ОТСТАПЕНИ ВОЗИЛА

Од страна на државните органи и други правни лица до Агенцијата беа доставени барања за отстапување на возила без надомест, со претходна согласност на Владата на Република Северна Македонија. Во рамките на своите законски надлежности Агенцијата во Во периодот од 01.01.2024 година до 31.12.2024 година отстапи 10 возила и тоа на следните инситуции: Јавно претпријатие за одржување и заштита на магистрални и регионални патишта Скопје Ц.О, возило ТМВ ДАФ, Јавно претпријатие за одржување и заштита на магистрални и регионални патишта Скопје Ц.О, возило ТМВ ДАФ, Јавно претпријатие за одржување и заштита на магистрални и регионални патишта Скопје Ц.О, возило ТМВ МАН, Јавно претпријатие за одржување и заштита на магистрални и регионални патишта Скопје Ц.О, возило ТМВ ДАФ 95 ХФ, Агенција за поддршка на претприемништвото на Република Северна Македонија, возило ПМВ Опел Астра, Министерство за внатрешни работи, возило ПМВ Пасат, Агенција за управување со одземен имот ПМВ Хјундаи Галопер, основно јавно обвинителство Скопје, две возила – ПМВ Ауди 3 и ПМВ Тигуан, за што изготви решенија за отстапување на одземени предмети со правосилни одлуки на кои Владата на Република Северна Македонија донесе одлуки со кои даде согласност на истите.

## 4.5.ОТСТАПУВАЊЕ НА СТОКА ОДЗЕМЕНА СО ПРАВОСИЛНИ ПРЕСУДИ ВО КРИВИЧНА И ПРЕКРШОЧНА ПОСТАПКА.

По однос на отстапување на друг одземен имот во периодот од 01.01.2024 година до 31.12.2024 година Агенцијата за управување со одземен имот има отстапено разна стока и тоа : значителна количина на облека, обувки, компјутерска опрема, алати, клима уреди и други предмети на Општина Шуто Оризари за потребите на ООУ 25 јули, Општина Тетово за потребите на ОУ Рилиндја-с.Селц, Општина Студеничани за потребите на ОУ, Општина Струмица , Општина Сарај за потребите на ОУ Дитуриа-Сарај, Општина Струга за потребите на ОУ Нури Мазари-Делогожда, Општина Пласница за потребите на подрачните училишта, Општина Куманово за потребите на ОУ Наим Фрашери-Куманово, Општина Берово, Општина Чаир за потребите на ОУ 7 Марси -Чаир, Општина Крушево, Општина Струга, Општина Могила, Општина Липково за потребите на подрачните училишта, Општина Долнени за потребите на подрачните основни училишта, Општина Шуто Оризари.


Влада на Република Северна Македонија
Агенција за управување со одземен имот
Бул.Киро Глигоров бр.4
Република Северна Македонија
тел.02 3 209 087
www. info@odzemenimot.gov.mk

Во период од 01.01.2024 до 31.12.2024 година отстапен е разна стока и тоа 151.322 парчиња во вредност од 11.188.196,00 или 181.921,00 евра на државни институции со предходно барање од нивна страна.

Во периодот од 01.01.2024 до 31.12.2024 година отстапена е ( лесно расиплива стока - овошје и зеленчук) на следните државни институции: ЗУ Општа болница со проширена дејност-Гевгелија, Дневен центар за лица со попреченост - Гевгелија, КПУ Затвор Гевгелија, ЈОУ Детска Радост Гевгелија, ЈЗУ Општа болница со проширена дејност Гевгелија, ЈЗУ Општа болница Струмица, ЈЗУ Психијатриска болница Негорци, Дневен центар за лица со попреченост- Гевгелија, КПУ затвор Гевгелија, МОУ Детска радост Гевгелија, КПУ Затвор Идризово и ЈЗУ Психијатриска болница -Скопје.

## 4.6.ОДЗЕМЕНИ ВОЗИЛА (пмв, комби, товарни, теренски), МОТОРИ /МОТОРЦИКЛИ, ТРАКТОРИ , ЗАПРЕЖНИ КОЛИ И ПРИКОЛКИ.

Од страна на Агенцијата за управување со одземен имот во периодот од 01.01.2024 година до 31.12.2024 година, врз основа на правосилни прсуди / одлуки примени се на чување и понатамошно управување вкупно **365 возила** меѓу кои: патнички моторни возила, комби возила, теренски и товарни возила , понатаму мотори/моторцикли, трактори, трактори со приколка, приколки за чамец, запрежни коли и самонаправени приколки.

Во периодот од 01.01.2024 година до 31.12.2024 година Агенцијата постапила по 146 / одлуки/записници/потврди за привремено одземање на возила. Возилата се примени во депоата на Агенцијата на ВРЕМЕНО ЧУВАЊЕ, се до завршување на судските постапки.

## 4.7.ОДЗЕМЕНИ ЦИГАРИ-ТУТУН И АЛКОХОЛ

-Во периодот од 01.01.2024 година до 31.12.2024 година Агенцијата постапи по вкупно 59 правосилни пресуди/одлуки од судови и надлежни институции за одземање на цигари – тутун и алкохол. Врз основа на истите во Агенцијата за управување со одземен имот примени се на чување и понатамошно управување: Разни видови и марки на цигари, ситно сецкан тутун, режан тутун, електронски цигари и полначи за цигари, пакуван и рефусен тутун, различни видови наргиле,зелен тутун во листови, во различни форми и пакована.

-Во наведениот период од страна на Агенцијата за управување со одземен имот врз основа на правосилни пресуди/одлуки примени се на чување и понатамошно управување вкупно 285 литри алкохол со просечна јачина од 39,97 % ,


Влада на Република Северна Македонија
Агенција за управување со одземен имот
Бул.Киро Глигоров бр.4
Република Северна Македонија
тел.02 3 209 087
www. info@odzemenimot.gov.mk

Во периодот од 01.01.2024 година до 31.12.2024 година Агенцијата за управување со одземен имот постапила по 45 одлуки / потврди за привремено одземање на цигари- тутун и алкохол од надлежни институции. Привремено одземените предмети се наоѓаат во магацините на Агенцијата на ВРЕМЕНО ЧУВАЊЕ се до завршување на судските постапки.

### 4.8.ОДЗЕМЕНО ОРУЖЈЕ ,МУНИЦИЈА И ЕКСПЛОЗИВЕН МАТЕРИЈАЛ

Агенцијата за управување со одземен имот во периодот од 01.01.2024 година до 31.12.2024 година постапила по вкупно 400 правосилни пресуди/одлуки од судови и надлежни институции. Врз основа истите во Агенцијата се примени на чување и понатамошно управување разни видови на оружје. ПИШТОЛИ со различен калибар,марка и големина. ПУШКИ автоматски, полуавтоматски , ловни и воздушни. НОЖЕВИ од различни марки со различна димензија на сечиво и облик, ДРВЕНИ БЕЗБОЛ ПАЛКИ, ЕЛЕКТРИЧНИ ПАРАЛИЗАТОРИ, МЕТАЛНИ ПЕНДРЕЦИ, МЕТАЛНИ БОКСИРАЧИ, ЛАДНО ОРУЖЈЕ-СКАЛПЕЛИ и СЕЧИЛА од различни видови и големини. КУРШУМИ со различен калибар, марка и пакување како и ловни патрони, детално опишани во пресудите.
Како и распрснувачки материјали - Петарди марка пират 550 парчиња и Ракети супер ефект .

Во периодот од 01.01.2024 година до 31.12.2024 година Агенцијата постапи по 8 одлуки/ наредби за привремено одземање на оружје од надлежни институции и истите се примени во магацините на Агенцијата на ВРЕМЕНО ЧУВАЊЕ се до завршување на судските постапки.

### 4.9.ОДЗЕМЕНА РАЗНА СТОКА

Во периодот од 01.01.2024 година до 31.12.2024 година Агенцијата постапи по задолженијата на 957 правосилни пресуди/одлуки од судови и надлежни институции за одземање на разна стока. Врз основа на истите во Агенцијата за управување со одземен имот примени се на чување и понатамошно управување разни видови на стока и тоа: МОТОРНИ ПИЛИ, ОПТИЧКИ НАОЧАРИ, ЗАПАЛКИ, РИБОЛОВНИ ТРСКИ МОБИЛНИ ТЕЛЕФОНИ, СЕКИРИ, РАЧНИ ЧАСОВНИЦИ, РАЧНИ ПИЛИ, МОТОРЦАНГЛИ, ЛАДИЛНИЦИ И МАШИНИ ЗА РАЗЛИЧНА НАМЕНА, КОМПЈУТЕРИ, ВОЗАЧКИ ДОЗВОЛИ, ПАСОШИ, ЛИЧНИ КАРТИ, КОШУЛИ, ТРЕНЕРКИ, РАКАВИЦИ, КОЗМЕТИКА, ПАРФЕМИ ,АЛАТИ ЗА РАБОТА, ТАБЛЕТИ, БРАВИ ЗА ВРАТА, КАЈЧИЊА, МЕТАЛНИ ДЕТЕКТОРИ, ХЕБЛИ, ЧАНТИ , ЌЕБИЊА, ЗИДНИ ЧАСОВНИЦИ, ПРЕКРИВАЧИ, ЧЕВЛИ, ПАТИКИ, РАЗНИ ОБУВКИ, МАИЦИ,БЛУЗИ( разна облека) и др.

Во периодот од 01.01.2024 година до 31.12.2024 година Агенцијата постапи по 220 одлуки / акти на судовите, обвинителствата и надлежните институции за привремено одземање на разна стока и истите се примени во магацините на Агенцијата на ВРЕМЕНО ЧУВАЊЕ се до завршување на судските постапки.

## 4.10.ОДЗЕМЕНИ НАРКОТИЧНИ ДРОГИ, ПСИХОТРОПНИ СУПСТАНЦИ И ПРЕКУРЗОРИ

Агенцијата за управување со одземен имот во периодот од 01.01.2024 година до 31.12.2024 година постпила по вкупно 591 правосилни пресуди/одлуки од судови и надлежни институции , врз основа на кои во Агенцијата примени се на чување и понатамошно управување разни видови на наркотици и психотропни супстанци МАРИХУАНА, АМФЕТАМИН, ХЕРОИН, КОКАИН, КАНАБИС семки, МЕТАМФЕТАМИН, 3,4 МДМА- синтетичка дрога - психотропна супстанца, ХАШИШ СМОЛА, КАНАБИС КОРЕНИ, КАНАБИС СЕМКИ, ЦИГАРИ ЏОИНТ, ТРАМАДОЛ КАПСУЛИ, АМПУЛИ ДИЈАЗЕПАМ,ПСИХОТРОПНА СУПСТАНЦА МАРАЦЕТАМОЛ И КОФЕИН, РАСТВОР МЕТАДОН.
Наркотиците се во прашкаста материја, течна материја, таблети, цигари џоинт, семки, корења, растенија и дел од непознат состав.

Во периодот од 01.01.2024 година до 31.12.2024 година Агенцијата постапи по 35 пресуди / одлуки /решенија/ наредби на судови, обвинителства и надлежни институции за привремено одземање на разни наркотици и психотропни супстанци и истите се примени во магацините на Агенцијата на ВРЕМЕНО ЧУВАЊЕ се до завршување на судските постапки.

## 4.11.ОДЗЕМЕНИ МОНЕТИ-БАНКНОТИ/ Археолошки предмети и артефакти

Во периодот од 01.01.2024 година до 31.12.2024 година од страна на Агенцијата за управување со одземен имот врз основа на одлуки примени се: 275 стари бронзени ковани монети со различна големина и форма, од 2 век п.н.е. па се до Отоманскиот период, 3 бронзени прстени, 1 фрагмент од бронзена фибула, 1 кресило за палење оган од бронза, 3 бронзени декоративни предмети од доцниот римски период, па се до средниот век, 1 бронзен предмет со отворен реципиент- најверојатно ѕвоно, како и бронзени и оловни фрагменти. Понатаму 10 монети со арапски ознаки, 4 метални фрагменти со различна форма, 5 монети со различна големина сместени во зипер кеса. Потоа пригодни сребрени ковани монети во вкупна количина од 40 парчиња, една монета која го претставува античкото македонско монетоковање од 4ти век п.н.е. и една монета која го претставува дозното римско монетоковање во 3ти век п.н.е. две бронзени монети од римскиот


Влада на Република Северна Македонија
Агенција за управување со одземен имот
Бул.Киро Глигоров бр.4
Република Северна Македонија
тел.02 3 209 087
www. info@odzemenimot.gov.mk

период, една бронзена монета од Македонско- Хелинистичкиот период една бронзена монета од Отоманскиот период со перфорација и два бронзени прстена од Отоманскиот период. 42 ковани монети и шест привезоци од непознат метал. Одземените монети-банкноти/ Археолошки предмети и артефакти се предадени на чување во Народна Банка на РСМ

Во наведениот период Агенцијата постапи по 2 акти – потврди за привремено одземање на предмети на надлежни институции ( Царинска управа ЦИ Блаце), со кои привремено се одземени МОНЕТИ-БАНКНОТИ/ Археолошки предмети и артефакти и тоа: 1 златна монета од 15 гр, 1 златна монета од 7 гр, 1 сребрена монета од 1000 гр, 1 сребрена монета од 32 гр, 1 сребрена монета од 32 гр, сите со ликот на Чарлс трети,1 златна монета од 31 гр, 1 златна монета од 3 гр, сите со ликот на Чарлс трети и истите се предадени во Народна Банка на Република Северна Македонија.

## 4.12. ПОСТАПУВАЊЕ СО ОДЗЕМЕНИ БЛАГОРОДНИ МЕТАЛИ/предмети

Во Агенцијата за управување со одземен имот согласно Законот за управување со конфискуван имот, имотна корист и одземен и предмети во кривична и прекршочна постапка во периодот од 01.01.2024 година до 31.12.2024 година врз основа на ПРАВОСИЛНИ ОДЛУКИ примени се: 200 француски наполони-половинки, 2 метални белегзии, (1 огрлица, 1 привезок, 2 метални прстени, 3 нараквици и 3 машки прстени), (1 ланец со сребрена боја, прстен, 2 обетки и женско ланче со крст во бакарна боја), 1 прстен со златна боја со камен, 1 нараквица плетена со златна боја, 5 прстени во златна боја, едно ланче , 3 привезоци во златна боја, 1 привезок во форма на 4 јајца со лик на Богородица, метално жолта боја со сребрен лик, 1 привезок пеперутка жолта со бели циркони, 1 привезок детелина со 5 листа жолта боја, 1 привезок со лик на Богородица во форма на круг, жолта боја, 1 привезок во форма на око жолта боја, 1 правоголен привезок со лик на Исус, жолта боја со сребрен лик, 1 тркалезен привезок со жолта боја со два лика, 1 правоаголен привезок жолта боја со лик на Исус со сребрена боја, 1 привезок во форма на јајце со лик на Богородица и Исус со основна жолта боја, а ликот сребрена боја, 1 привезок во форма на јајце со лик на Исус со основа жолта боја и сребрен лик, 1 привезок во правоаголна форма со лик на Богородица во жолта боја, 2 привезоци во форма на крст со бели циркони, 1 привезок во форма на јајце со лик на Богородица жолта боја со сребрен лик, 1 привезок во форма на потковица со лик на Богородица, жолта боја со циркони, 1 привезок тркалезен со лик на Исус жолта боја со бодликава круна, 1 привезок со лик на Исус жолта боја, 1 привезок жолта боја со 5 циркони, 1 тркалезен привезок со лик на Богородица, во основа со жолта боја боја со сребрен лик, 1 прстен со бела боја и 8 циркони, ланчиња со сребрена боја, 19 парчиња со должина од 44см и 40 броја по 47 см, 135


Бул.Киро Глигоров бр.4 Република Северна Македонија тел.02 3 209 087 www. info@odzemenimot.gov.mk

прстени со сребрена боја, 518 лимени полирани ланчиња, 1 белегзија со позлатена боја, 1 мала белегзија и дел од белегзија со циркони. Понатаму 157 парчиња сребрени прстени ,21 парче сребрени нараквици, 45 сребрени ланчиња , 26 сребрени обетки, 20 сребрени привезоци . Златен накит во вкупна тежина од 285,28 гр. и тоа 7 парчиња златни алки ( 4 + 3 ). Понатаму 10 златни привезоци со син камен, 1 прстен бело злато со бел камен, 1 златен прстен со виолетов камен, 2 златни прстени со зелен камен, 2 обетки бело злато, 71 парче златни нараквици, 1 златен часовник марка Geneve, 1 златна монета, 52 парчиња златни ланчиња, 49 парчиња златни ланчиња со привезок, 71 пара златни обетки, 30 златни прстени, и 55 парчиња златни привезоци-оквири. Одземените благородни метали/предмети се предадени на чување во Народна Банка на РСМ.

Агенцијата за управување со одземен имот во периодот од 01.01.2024 година до 31.12.2024 година постапила по 2 одлуки – потврди за привремено одземање на предмети на надлежни институции за ПРИВРЕМЕНО ОДЗЕМЕНИ БЛАГОРОДНИ МЕТАЛИ . Привремено одземените благородни метали/предмети од страна ан Агенцијата за управување со одземен имот се предадени на чување во Народна Банка на РСМ.

## 4.13.ОДЗЕМЕНИ ЖИВОТНИ

-Во периодот од 01.01.2024 година до 31.12.2024 година во Агенцијата за управување со одземен имот врз основа на Правосилна одлука примени се 3 животни ( коњи) . Животните се предадени на чување и понатамошно управување.

-Во периодот од 01.01.2024 година до 31.12.2024 година во Агенцијата за управување со одземен имот врз основа на правосилна одлука и записник за примопредавање иоип-мб 51/24 од 18.07.2024 година примени се во депо Идризово 17 млади кутриња и тоа: ( Малтезери, 4 Француски булдог, 1 Кокер шпаниел, 3 Пудли црвени, 1 Јокоширски териер. Со договор за отстапување на одземена жива стока на чување и грижа без надомест 16 кучиња се отстапени на чување ( со наведена забелешка- едно кутре е угинато констатирано од ветеринарна клиника Про Инфовет Скопје Петровец).

-Во периодот од 01.01.2024 година до 31.12.2024 година Агенцијата за управување со одземен имот постапила по 2 одлуки/акти од надлежни институции за привремено одземање на животни и тоа : од страна на МВР ПС ГН Рогачево со записник за примопредавање 16/24 од 15.04.2024 година примени се 1 сив коњ со самар и 1 кафеав коњ со самар. Истите со записник 17/24 од 15.04.2024 година се предадени во КПУ Идризово на ВРЕМЕНО ЧУВАЊЕ .
Од страна на МВР ОПКМСР Дебар со записник за примопредавање 30/24 од 28.11.2024 година примени се 1 теле во црна боја и 1 теле шарена боја и истите се предадени на ВРЕМЕНО ЧУВАЊЕ.


Влада на Република Северна Македонија
Агенција за управување со одземен имот
Бул.Киро Глигоров бр.4
Република Северна Македонија
тел.02 3 209 087
www. info@odzemenimot.gov.mk

## 4.14.ОДЗЕМЕН НЕДВИЖЕН ИМОТ

Во периодот од 01.01.2024 година до 31.12.2024 година од страна на Агенцијата за управување со одземен имот врз основа на правосилни пресуди направена е промена на сопственоста во Агенцијата за катастар на РСМ, во корист на РСМ Агенција за управување со одземен имот и тоа на следните недвижности:

- недвижен имот запишан во ИЛ.бр.581 за КО Неготино КП 9343/26
- недвижен имот запишан во ИЛ.бр.462 КО Курија КП 1377,1379
- недвижен имот запишан во ИЛ.бр.10331 КО Илинден

Од причина што врз наведените недвижности е воспоставена хипотека која не е опфатена во правосилните пресуди, Агенцијата за управување со одземен имот откако направи промена на сопственоста, продолжи со понатамошно постапување во однос воспоставените хипотеки.
Согласно чл.31 од новиот Закон за управување со конфискуван имот,имотна корист и одземени предмети во кривична и прекршочна постапка, Агенцијата со писмено известување се обрати до доверителите во однос на воспоставените хипотеки. Постапката е во тек.

## 4.15. ПОСТАПУВАЊЕ СО КОНФИСКУВАНИ ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ, ЕЛЕКОТРОНСК ПАРИ И УДЕЛИ

Врз основа на чл.62 и чл.63 од Законот за управување со конфискуван имот,имотна корист и одземени предмети во кривична и прекршочна постапка (*) („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.64/24, бр.37/25 и бр.86/25 ) Агенцијата за управување со одземен имот во текот на 2024 година, нема конфискувани хартии од вредност, електронски пари и удели.

## 4.16. УНИШТУВАЊЕ НА ОДЗЕМЕНИ НАРКОТИЧНИ ДРОГИ, ПСИХОТРОПНИ СУПСТАНЦИ И ПРЕКУРЗОРИ, ОДЗЕМЕНО ОРУЖЈЕ, МУНИЦИЈА, ЕКСПЛОЗИВЕН МАТЕРИЈАЛ И ДРУГ ОДЗЕМЕН ИМОТ

-Во текот на 2024 година Агенцијата за управување со одземен имот не спроведе ниту една постапка за уништување на одземените наркотични droги, психотропни супстанци и прекурзори како и уништување на одземен друг имот што не може да се продаде поради здравствени, ветеринарни, фитосанитарни или безбедносни причини. Ова од причина што немаше формирано комисија за уништување на одземените наркотични дроги, психотропни супстанци и прекурзори, согласно чл.69 и чл.71 од Законот за управување со конфискуван имот,имотна корист и одземени предмети во кривична и прекршочна постапка (*)

(„Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.64/24, бр.37/25 и бр.86/25 година)

-Во текот на 2024 година Агенцијата за управување со одземен имот не спроведе ниту една постапка за уништување на одземеното оружје, муниција и експлозивен материјал, од причина што немаше формирано комисија за уништување на одземеното оружје, муниција и експлозивен матеeријал согласно чл.70 од Законот за управување со конфискуван имот,имотна корист и одземени предмети во кривична и прекршочна постапка (*) („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.64/24, бр.37/25 и бр.86/25 )

## V. ВНАТРЕШНО ЗАЈАКНУВАЊЕ НА КАДРОВСКИТЕ КАПАЦИТЕТИ НА АГЕНЦИЈАТА

Во 2024 година, Агенцијата за управување со одземен имот ја продолжи својата мисија за професионално, ефикасно и транспарентно управување со одземениот и конфискуваниот имот во Република Северна Македонија.

Годината беше исполнета со значајни предизвици, но и со видлив напредок во делот на зајакнување на кадровските и техничките капацитети. Преку спроведување на активности во рамки на европскиот План за раст и Реформската агенда, а во согласност со Националната стратегија за зајакнување на капацитетите за финансиски истраги и конфискација, Агенцијата го постави темелот и го трасираше патот за понатамошна модернизација и ефективност на своето работење.

Агенцијата за управување со одземен имот во 2024 година интензивно работеше на анализа на своите кадровски капацитети и презеде конкретни мерки за нивно зајакнување.
Од вкупно систематизирани **79 работни места**, пополнети се 39 (48%), што укажува на сериозна потреба од дополнителни вработувања. **Организациона поставеност и кадровска состојба.**

5.1. Во согласност со Правилникот за внатрешна организација и систематизација, Агенцијата е организирана во три сектори и едно посебно одделение:

- **Сектор за правни работи** (2 одделенија)
- **Сектор за финансиски прашања** (2 одделенија)
- **Сектор за оперативно работење** (3 одделенија)
- **Одделение за управување со човечки ресурси** (посебно одделение)

Од вкупно систематизирани **79 работни места**, пополнети се 39 (48%):


Влада на Република Северна Македонија
Агенција за управување со одземен имот
Бул.Киро Глигоров бр.4
Република Северна Македонија
тел.02 3 209 087
www. info@odzemenimot.gov.mk

- **Административни службеници**: 15 од 47 (30%)
- **Помошно-технички лица**: 25 од 32 (78%)

За целосно екипирање, потребно е да се вработат уште **40 лица** (8 технички лица и 32 административни службеници).

---

5.2. Превземени мерки и активности

**Целосно екипирање на Агенцијата**

- Изготвена **Анализа за моменталната состојба** (поддржана од програмата EU Support for Rule of Law).
- Изработен **Годишен план за вработување и унапредување 2025** и доставен до Министерството за финансии.
- Поднесени барања за вработување (40 лица), делумни барања за 6 лица, унапредување на 1 лице, и барања за ангажирање лица на определено време и договор на дело — сите одбиени.
- Мерката за екипирање е вклучена во **Националната стратегија за зајакнување на капацитетите за финансиски истраги и конфискација 2024–2028**, чија усвојување се очекува.

Целта е до крајот на јуни 2025 година да се постигне целосна екипираност согласно обврските од Планот за раст на Европската комисија

## VI. РЕФОРМСКА АГЕНДА -План за раст и обврски

Во рамки на Планот за раст од реформската агенда на Европската комисија, Агенцијата има следни обврски со конкретни рокови:

| Обврска | Рок |
|---|---|
| Целосно екипирање на Агенцијата | 30.06.2025 |
| Набавка и имплементација на Е-регистар | 31.12.2026 |
| Изградба на магацински капацитети | 31.12.2026 |

6.1 Набавка на Е-регистар

- Изготвена **Техничка спецификација** за интегриран систем со сопствена база на податоци, модул за статистика, веб-платформа за јавна продажба и

интероперабилност. ( **Техничката спецификација за "ИНТЕГРИРАН КОМПЈУТЕРИЗИРАН РЕГИСТАР"** е изработена со поддршка на меѓународниот стратешки партнер ГИЗ – Германско друштво за интернационална соработка).

- Вредноста на набавката е проценета на приближно **200.000 евра**, овие средства се побарани од Министерството за финансии , но истите не се одобрени.
- Активноста е внесена во стратешките документи и предвидена за финансирање преку Планот за раст.

### 6.2 Изградба на магацински капацитети

- Изработено **идејно решение** за изградба на магацински центар на доделениот плац од 30.000 $м^2$.
- Центарот предвидува специјализирани магацини, катна гаража, посебни услови за чување опасни материи и примена на еколошки стандарди.
- Изградбата е идентификувана како приоритет за заштита на вредноста на одземениот имот и исполнување на новите законски обврски.

Активноста е внесена во стратешките документи и предвидена за финансирање преку Планот за раст.

### 6.3. Заклучок и препораки

И покрај ограничувањата во кадровската поддршка и финансиските ресурси, Агенцијата постигна значителен напредок во планирањето и подготовката на системски реформи.Со цел да се обезбеди навремено исполнување на обврските од Планот за раст и националните стратешки документи, неопходно е:

- Министерството за финансии итно да даде согласност за потребните нови вработувања.
- Да се обезбеди финансиска поддршка за набавка на Е-регистарот
- Да се обезбеди финансиска поддршка за изградба на нови магацински капацитети.

Агенцијата останува посветена на унапредување на транспарентноста, ефикасноста и одговорното управување со одземениот имот, во интерес на правдата и јавниот интерес


Влада на Република Северна Македонија
Агенција за управување со одземен имот
Бул.Киро Глигоров бр.4
Република Северна Македонија
тел.02 3 209 087
www. info@odzemenimot.gov.mk

## VII.УЧЕСТВО ВО ЕВРОПСКИОТ ПЛАН ЗА РАСТ И ИНСТИТУЦИОНАЛНО ЕКИПИРАЊЕ

Во 2024 година, Агенцијата активно учествуваше во националните подготовки за имплементација на европскиот План за раст (Growth Plan) за Западен Балкан, кој предвидува финансиска поддршка од 6 милијарди евра за периодот 2024–2027 година. За Северна Македонија се алоцирани 750 милиони евра, со цел поддршка на структурни реформи, дигитализација и владеење на правото.
Агенцијата достави предлог-иницијативи за:

- **Изградба на современ магацински центар** за складирање и управување со одземен имот, со површина од 30.000 м², вклучувајќи специјализирани магацини, катна гаража и еко-решенија.
- **Набавка на интегриран ИКТ систем** за евиденција, следење и управување со одземениот имот, со цел зголемување на транспарентноста и ефикасноста.
- **Обнова на техничката опрема и инфраструктурата** на Агенцијата, вклучувајќи возила, ИТ опрема и безбедносни системи.

Овие иницијативи се во согласност со реформската агенда на Владата и се поддржани преку инструментот за реформи и раст, кој беше ратификуван од Собранието во јануари 2025 година .

## VIII.СОРАБОТКА СО ДРЖАВНИТЕ ОРГАНИ И ДРУГИ ИНСТИТУЦИИ И УЧЕСТВО НА МЕЃУНАРОДНИ СРЕДБИ

### 8.1. Соработка со државни органи и други институции

Во текот на 2024 година, Агенцијата оствари интензивна и координирана соработка со:

- Министерството за внатрешни работи,
- Јавното обвинителство на Република Северна Македонија,
- Управата за финансиска полиција,
- Царинската управа,
- Управата за јавни приходи,


Влада на Република Северна Македонија
Агенција за управување со одземен имот
Бул.Киро Глигоров бр.4
Република Северна Македонија
тел.02 3 209 087
www. info@odzemenimot.gov.mk

- Судовите,
- Министерството за правда,
- Други надлежни институции.

Клучни достигнувања:
- Зајакната координација за предавање, проценка, чување и продажба на одземениот имот.
- Заеднички активности за унапредување на нормативната рамка за управување со конфискуван имот.

Остварени се редовни координативни состаноци за подобрување на постапките за извршување на правосилните судски пресуди и конфискација, предавање, проценка, чување и управување со одземениот имот. Изготвен е акциски план, согласно кој предвидени се склучување на меморандуми за соработка и оперативни протоколи за наредната година.

**8.2. Учество на меѓународни средби /Меѓународна соработка во 2024 година.**

Агенцијата активно учествуваше на меѓународни настани и иницијативи:

- **BAMIN мрежа** (Balkan Asset Management Interagency Network):
  Претседателство со BAMIN за 2024/2025 година.
  Организација на Годишниот состанок на БАМИН во Скопје и Струга.
  ➔ Организација на обука за заплена и управување со крипто-имот.
- **CARIN мрежа** (Camden Asset Recovery Inter-Agency Network):
  ➔ Учество на годишниот состанок за зајакнување на прекуграничното управување со имот.
- **Соработка со француската агенција AGRASC**:
  ➔ Размена на искуства за управување со конфискуван имот.
- **OSCE проект за зајакнување на капацитетите за поврат на имот**:
  ➔ Учесници на работилници и регионални иницијативи.

  - **Во февруари 2024 година**, во Скопје беше одржан Работен состанок на Управниот одбор на Балканската интерагенциска мрежа за менаџмент со одземен имот (БАМИН), предводен од Секретаријатот на Бамин, претставниците од Агенциите на РС Македонија, Босна и Херцеговина, Република Српска, Република Хрватска, Молдавија и Украина. Овој состанок беше значајна прилика за размена на искуства и договарање на

идни заеднички активности. Дел од планираните активности беше и **дводневната *peer-to-peer* рецензија на македонската Агенција**, која имаше за цел да го оцени и унапреди процесот на размена на информации и практики во областа на конфискација и управување со одземен имот помеѓу различни држави. Пиер-ревизија беше спроведена од од страна на членовите на BAMIN, со цел проценка на ефикасноста на македонската Агенција за управување со одземен имот. Учесниците ја ревидираа актуелната практика и интервјуираа претставници од различни македонски институции, и беше изработен документ со процена и препораки.

- Во мај 2024 година, во Скопје, Агенцијата ја презеде претседателската улога во Балканската мрежа за управување со одземен имот (BAMIN) за периодот 2024–2025 година. Оваа улога ја зајакна позицијата на Агенцијата како регионален лидер во управувањето со одземен имот.

- **БАМИН Генерално годишно собрание и обука за управување со крипто-имот**

  Од 17 до 19 септември 2024 година, Агенцијата беше домаќин на Годишниот состанок на BAMIN и обука на тема „Заплена и управување со крипто-имот“. Настанот собра претставници од 24 национални агенции и вклучуваше напредна обука за правни рамки, истражни техники и стратегии за управување со дигитални средства. Практичниот пристап им овозможи на учесниците да ги подобрат своите вештини за донесување одлуки и да научат како да интегрираат иновативни решенија за подобрена ефикасност во операции за запленување крипто средства со висок влог и комплексност.

- **Билатерални средби со Агенциите од Украина и Босна и Херцеговина**

  Одржани се билатерални средби со Агенциите за управување со одземен имот од Украина и Босна и Херцеговина, со цел размена на искуства и координација на идни заеднички проекти. Овие средби ја зајакнаа регионалната соработка и придонесоа за заедничко дефинирање на стандарди за управување со конфискуван имот.

- **Соработка со француската агенција AGRASC**

  Во јуни 2024 година, претставници на Агенцијата учествуваа на работна средба со француската агенција AGRASC, каде што се дискутираше за добри практики во управувањето со одземен имот и можности за соработка .

- **Меѓународен состанок во Замбија**

Од 3-5 јули 2024 година, Агенцијата учествуваше на Работилницата за управување со одземен имот, која се одржа во Лусака, Замбија, организирана од страна на Канцеларијата на Обединетите нации за наркотиците и криминалот (UNODC) и Замбија, под покровителство на Мрежата за меѓуагенциско враќање на имот, со поддршка од Стејт департментот на САД. Овој настан беше значаен за понатамошно промовирање на BAMIN на меѓународен форум и за зајакнување на неговата улога како клучна мрежа за стручњаци во управувањето со одземен имот.

---

- **Учество на состанокот на CARIN**
  Во ноември 2024 година, претставник од Агенцијата – член и контакт точка на Бамин мрежата, учествуваше на Годишниот состанок на CARIN (Camden Asset Recovery Inter-Agency Network) одржан во Париз, се разгледуваа стратегии за зајакнување на синергиите меѓу BAMIN и CARIN во борбата против организираниот криминал .
- **Поддршка од OSCE**
  Агенцијата доби поддршка од Организацијата за безбедност и соработка во Европа (OSCE) во рамките на проектот „Зајакнување на напорите за поврат на имот во регионот на ОБСЕ“, кој вклучува обуки, менторство и организација на годишни состаноци на BAMIN .

## 8.3. УЧЕСТВО ВО ПРОЕКТИ

Во 2024 година, Агенцијата беше активен партнер во следниве проекти:

- **ИПА 2020 -EU Support for Rule of Law:**
  ➔ Техничка помош за кадровска анализа, функционална анализа и ИКТ состојба.
- **ИПА 2021 - LERMS проект** (*Law Enforcement Records Management System*):
  ➔ Учествуваме како краен корисник во воспоставување електронски систем за водење на евиденција на институциите за спроведување на законот.

**Соработка со меѓународни стратешки партнери** (GIZ, OSCE, Европска комисија):
➔ Обука, менторство и подготовка на нови системски решенија за управување со имот.


Влада на Република Северна Македонија
Агенција за управување со одземен имот
Бул.Киро Глигоров бр.4
Република Северна Македонија
тел.02 3 209 087
www. info@odzemenimot.gov.mk

## IX.ГЛАВНИ ПРЕДИЗВИЦИ НА АГЕНЦИЈАТА ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ОДЗЕМЕН ИМОТ

Агенцијата за управување со одземен имот во иднина ќе продолжи да управува со конфискуваниот имот и имотна корист како принос од казнено дело и одземените предмети како и навремено и целосно постапување по правосилните пресуди за конфискација на имот и имотна корист, ефикасно управување, продажба и остварување на приходи во Буџетот на Република Северна Македонија , согласно чл.7 од Закон за управување со конфискуван имот,имотна корист и одземени предмети во кривична и прекршочна постапка („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.64/24, бр.37/25 и бр.86/25)

Агенцијата за управување со одземен имот согласно начелата на законитост, економичност, ефикасност, транспарентност, одговорност, стручност, професионалност и ажурност, воспоставува систем на одговорна и отчетна државна служба пред граѓаните и Владата на република Северна Македонија, во однос на управувањето, отстапувањето и и продавањето на конфисјуваниот имот, имотна корист и одземени предмети.

Агенцијата и во иднина со сите расположливи капацитети ќе ги спроведува надлежностите согласно законот со кои значително се зголемија обврските , за што апелираме во соработка со Владата на Република Северна Македонија да се разгледа можноста да се зголемат пред се човечките и просторните капацитети со цел ефикасно управување со одземениот имот , соодветно сместување и складирање, пред се успешна продажба на имотот со цел зголемување на приходите во Буџетот на Република Северна Македонија.

**В.Д. Директор на**
**Агенција за управување со одземен имот**
**Ирена Илиевска**


Влада на Република Северна Македонија
Агенција за управување со одземен имот
Бул.Киро Глигоров бр.4
Република Северна Македонија
тел.02 3 209 087
www. info@odzemenimot.gov.mk